**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**Објавува**

**Барање за изразување на интерес за позиција**
**“Локален консултант за развој на законодавна и регулаторна рамка во врска со вработување на лица со попреченост”**
**(реф.бр. MK/SIAP # 2.2.3)**

**Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП)**
**Кредит Бр: 9036 –МК**

**Консултантски услуги – Индивидуален консултант**

На Република Северна Македонија и е одобрен кредит од страна на Групацијата на Светска банка за потребите за реализација на Проект за администрирање на социјалното осигурување (СИАП). Дел од овие средства ќе бидат искористени за плаќање на обврските што ќе произлезат од договорот што ќе се склучи за ангажирање на Локален консултант за развој на законодавна и регулаторна рамка во врска со вработување на лица со попреченост.

Целосниот опис на проектните задачи е приложен на веб страната на Министерството за труд и социјална политика: http://www.mtsp.gov.mk/siap-proekt-za-administriranje-na-socijalnoto-osiguruvanje.nspx

**Потребни квалификации:**

- Образование во областа на правото (најмалку дипломски студии) и најмалку 10 години работно искуство во давање правени услуги за подготовката на основни закони и подзаконски акти;
- Познавање на правниот систем на Република Северна Македонија;
- Познавање на законите и институционалната структура на системот за вработување на лицата со попреченост во Република Северна Македонија;
- Одлична познавање на англиски и македонски јазик.

Методот за избор е “Избор на индивидуален консултант” согласно “Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година и август 2018 година”, достапно на следната веб страна: www.worldbank.org.

За дополнителни информации може да се обратите во Единицата за управување со Проект за подобрување на социјалните услуги, од 08.30 до 16.30 часот, на е-маил: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk.

Министерство за труд и социјална политика ги повикува сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат бараните квалификации да достават документи со кои ја потврдуваат својата квалификуваност (биографија на македонски и/или англиски јазик, препораки и слични документи).
Документите со кои се изразува интерес мора да бидат доставени најдоцна до **22.09.2020** година, електронски на маил адресата: maja.bundaleski@mtsp.gov.mk